Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016
2017
2018
2019
2020
2021
2022
2023

Извадок на дел од дневни настани 29.07.2023

Денеска (29.07.2023) во 00.30 часот во Скопје, на подрачјето на Кисела Вода, полициски службеници од Полициската станица Кисела Вода го лишиле од слобода Г.В.(41) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 23.30 часот во Скопје, на подрачјето на Бит Пазар, од полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје бил приведен Т.А.(26) од Скопје, затоа што кај него биле пронајдени и одземени гасен пиштол „зораки 918" и една рамка со 6 куршуми 9 мм. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (29.07.2023) во 00.10 часот на паркинг на автопатот Скопје-Тетово полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје лишиле од слобода малолетник од с.Копаница-скопско затоа што кај него биле пронајдени и одземени бела прашкаста материја и дробилка со остатоци од марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 19.40 часот на подрачјето на Гази Баба, полициски службеници од Полициската станица Гази Баба го лишиле од слобода А.С.(35) од Скопје, затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 22.15 часот во Тетово, полициски службеници од СВР Тетово лишиле од слобода малолетник од с.Жеровјане, затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 07.00 часот во близина на Граничен премин Богородица од полициски службеници од Полициската станица за граничен премин и граничен надзор Богородица был лишен од слобода М.К.(30) од Р.Србија поради тоа што при извршена контрола на патничко моторно возило „волксваген туарег" со српски национални ознаки кое го управувал констатирано било дека српската лична карта, швајцарската возачка дозвола и швајцарската дозвола за престој кои биле на име Л.Н.(31) , а кои ги дал на увид, биле фалсифицувани. Исто така, утврдено е дека постојат основи на сомнение дека тој бил соучесник и во сторено кривично дело „криумчарење мигранти" на 12.10.2022 и по насоки на ОЈО -ГОКК Скопје поднесена е кривична пријава, а од страна на Судија на претходна постапка од Основен суд Гевгелија одредена му е мерка притвор.

На 28.07.2023 во 15.30 часот било пријавено дека во Скопје на мостот кој ги поврзува ул.„Самоилова" и ул.„Илјо Војвода" се случила сообраќајна несреќа помеѓу мотоцикл „хонда" со грчки национални ознаки, управуван од Ф.Г.(29) од Скопје и патничко моторно возило „алфа ромео 159" со скопски регистарски ознаки, управувано од Г.Е.(52) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил мотоциклистот, а со телесни повреди се здобил возачот на патничкото возило, констатирани во Комплексот клинички „Мајка Тереза" и Градската општа болница „Св.Наум Охридски". Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Скопје.

На 28.07.2023 во 15.15 часот било пријавено дека на локалниот пат с.Табановце-с.Лојане во близина на автопат „Пријателство", патничко моторно возило „волксваген голф" со германски национални ознаки, управувано од Г.Б.(24) од с.Лојане, удрило во В.А.(39) од Куманово. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил пешакот, констатирани во Општата болница Куманово. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Куманово.

На 28.07.2023 во 16.00 часот било пријавено дека во Штип на крстосница од ул.„Партизанска" и ул.„Боро Арсов" се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко моторно возило „пежо 406" со штипски регистарски ознаки, управувано од Б.А.(26) од Штип, и патничко моторно возило „фиат добло" со штипски регистарски ознаки, управувано од С.Ј.(51) од Скопје. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобил возачот С.Ј., констатирани во Клиничката болница Штип. Извршен бил увид од увидна екипа од СВР Штип.

На 28.07.2024 од страна на Трудов инспектор од ДИТ Кавадарци заедно со ИСР Кавадарци, како и инспектор од ОПКМСР Кавадарци при извршена контрола на подрачјето на Демир Капија, кај место викано „Солинари", атар на с.Дрен затекнати биле Р.Б.(22) и К.Г.(22) двајцата од Косово, како изведуваат геометарски активности на градилиште, ангажирани од правно лице од Скопје. Од извршената контрола било констатирано дека тие престојуваат во Р.Македонија во спротивност со наведената цел и причини на престојот. Против нив се поднесени соодветни поднесоци.

На 28.07.2023 во 12.00 часот во Полициската станица Ѓорче Петров А.Љ.(47) од Скопје пријавила дека на ул.„Наум Чакарев" нејзиниот малолетен син бил каснат од куче скитник.

На 28.07.2023 во 14.23 часот во Полициската станица Ѓорче Петров Д.И.(51) од Скопје пријавил дека на ул.„Георги Казепов" бил каснат од куче скитник.

На 28.07.2023 во 13.40 часот во Полициската станица Гази Баба Б.П.(69) од Скопје пријавил дека на ул. „Лазар Поп Трајков" бил каснат од куче скитник.

На 28.07.2023 во 23.50 часот Ј.А.(21) пријавил дека околу 04.30 часот пред угостителски објект во Битола бил физички нападнат од К.Ц.(20), двајцата од Битола. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 21.09 часот Д.П.(46) од Прилеп пријавил дека околу 20.45 часот во Прилеп неговиот малолетен син бил физички нападнат од С.А. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.07.2023 во 16.40 часот Г.К.(33) од с.Самоков пријавил дека околу 00.30 часот на локалниот пат за с.Звечан бил физички нападнат од Ж.К. со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 29.07.2023 во 00.50 часот, кај Спортско рекреативниот центар „Биљанини извори" во Охрид, од слобода е лишен С.А.(20) од Скопје. При извршен преглед, полициските службеници кај него, пронашле и одзеле кокаин, додека во неговото возило „алфа ромео" со скопски регистарски ознаки, пронајдена е марихуана. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.07.2023 во 22.50 часот, кај Спортско рекреативниот центар „Биљанини извори" во Охрид, лишен од слобода е А.Д.(27) од крушевското село Борина. При извршен преглед, полициските службеници кај него пронашле и одзеле марихуана и кокаин. По целосно документирање на настанот, против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 28.07.2023 во 11.35 часот, во ОВР Кичево е пријавено дека, Р.Т.(81) од кичевското село Поповјани, управувајќи трактор во атарот на селото Загор Доленци, паднал и се здобил со тешки телесни повреди, констатирани во Општата болница во Кичево.

На 28.07.2023 во 19.10 часот во СВР Скопје било пријавено дека на автобуска постојка во близина на трговски центар на подрачјето на Карпош малолетник од Скопје бил физички нападнат од три лица, кои употребиле и тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.07.2023 во 20.04 часот Г.М.(57) од Скопје пријавила дека на подрачјето на Аеродром била физички нападната од С.С.(66) од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 20.30 часот 26- годишна жена пријавила дека на подрачјето на Ѓорче Петров била физички нападната од нејзиниот сопруг С.М.(36). По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 17.40 часот било пријавено дека во с.Иниково-скопско настанал пожар на кровна конструкција од куќа сопственост на Р.А.(42) од Скопје. Пожарот бил изгаснат од Бригадата за противпожарна заштита. Повредени лица нема.

На 28.07.2023 во 17.40 часот К.А.Ј.(48) од Скопје пријавила дека околу 16.00 часот во автобус на подрачјето на Бит Пазар нејзиниот син бил физички нападнат од неколку лица, а едно од лицата го удрило со тврд предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.07.2023 во 15.15 часот било пријавено дека на подрачјето на Аеродром по претходна расправија во сообраќајот бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу Д.А.(42) од една страна и Д.С.(21) и Љ.С.(56) од друга страна сите од Скопје. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (29.07.2023) во 00.30 часот во СВР Куманово од Општата болница Куманово било пријавено дека кај нив бил донесен со повреди од остар предмет Н.С.(28) од Куманово. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.07.2023 во 22.20 часот А.Т.(60) пријавил дека во Струмица бил физички нападнат од А.Ќ.(42), двајцата од Струмица. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 14.23 часот 41- годишна жена пријавила дека во Струмица била физички нападната од нејзиниот партнер А.Т.(37) од Скопје. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

По преземени мерки од страна на Одделението за криминалистички работи Кисела Вода ќе биде поднесена кривична пријава против Ф.М.(32) од Скопје, поради постоење основи на сомнение дека на 26.07.2023 и 27.07.2023 извршил две кривични дела тешка кражба и кражба на велосипеди на подрачјето Кисела Вода и Аеродром. Со него бил извршен службен разговор во кој во целост ги признал начинот на извршувањето на кривичните дела, а одземените предмети биле вратени на сопствениците. При извршување на службен разговор Ф.М. со штрафцигер се заканувал дека ќе се самоповреди, но бил спречен од полициски службеници, а притоа Ф.М. нападнал полициски службеник. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 28.07.2023 во 06.45 часот било пријавено дека околу 04.30 часот во с.Стојаково во двор од куќа едно лице фрлило плински боци и опожарило патничко возило „ауди а6", сопственост на В.В.. Се преземаат мерки за расчистување на случајот

На 28.07.2023 во 15.50 часот во Тетово полициски службеници од СВР Тетово го лишиле од слобода А.С.(33) од Тетово поради тоа што физички ја нападнал неговата 36-годишна сопруга. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

Денеска (29.07.2023) во 01.30 часот во Гостивар полициски службеници од ОВР Гостивар ги лишиле од слобода Б.А.(19) и М.Д.(18) двајцата од Гостивар поради тоа што на 28.07.2023 околу 23.15 часот во Градскиот парк во Гостивар физички нападнале малолетник од с.Долна Бањица при што употребиле остар предмет. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

МАКЕДОНИЈА БЕЗ КОРУПЦИЈА
Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет